Врз основа на член 22 став 1 точка 7, член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 9 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Советот на Општина Росоман на 49-та седница одржана на ден 31.01.2025 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИТЕ, УСЛОВИТЕ И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ ПРАВО НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА НОВОРОДЕНЧЕ

## Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат критериумите, условите и потребната документација за остварување право за користење на еднократна парична помош за новороденче.

## Член 2

Еднократната парична помош за секое новороденче е во висина од 12.000,00 денари, утврдена со Одлука за доделување на еднократна парична помош на семејства со новороденче на подрачјето на Општина Росоман донесена од Советот на Општина Росоман, и истата се доделува за секое новородено дете врз основа на уредно поднесено Барање.

Правото на еднократна парична помош се остварува за секое новороденче, како и во случај на повеќе родени деца одеднаш (близнаци, тројка и повеќе).

Средствата за еднократна парична помош за новороденче се обезбедуваат од Буџетот на Општина Росоман.

## Член 3

Еднократната парична помош се обезбедува за семејството на новороденото дете.

Право на користење на еднократна парична помош за новороденче има родителот кој што е со постојана адреса на живеење на територијата на Општина Росоман.

## Член 4

Правото на еднократна парична помош за новороденче се остварува со поднесување на Барање.

Барањето за остварување право на еднократна парична помош за новороденче може да се подигне во архивата на Општина Росоман, а истото е достапно и во електронска форма на веб – страницата на општината.

Барањето со потребната документација се поднесува до архивата на Општина Росоман најдоцна до наполнети шест месеци на детето.

Барањето што е поднесено по шестиот месец од раѓањето на детето нема да биде предмет на разгледување.

Кон барањето потребно е да се приложи и следната документација:

- Извод од матична книга на родените за новороденчето;

- Копија од важечка лична карта на барателот;
- Копија од трансакциска сметка на барателот на еднократната парична помош за новороденче.

• Дополнителни документи за самохран родител (во зависност од основот за стекнување статус самохран родител):

- Извод од матична книга на умрените;
- Копија од правосилна судска пресуда за разведен брак;
- Доказ дека родителот не е во брачна заедница со копија од Извод од матична книга на родените не постар од шест месеци и Изјава дека не е во брачна заедница.

**Член 5**

Приложените документи кон барањето се доказ во постапката и не му се враќаат на барателот.

Подносителот на барањето е должен да дава точни и веродостојни податоци.

Ако се утврди дека подносителот дал невистинити податоци, тој го губи правото во согласност со овој Правилник.

**Член 6**

Исплатата на паричните средства по поединечно барање ја врши Одделението за финансии и буџет врз основа на Решение за исплата на еднократна парична помош за новороденче донесено од страна на Градоначалникот на Општина Росоман.

**Член 7**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-94/1.19**
**31.01.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев с.р.**